ИНСИГНИИТЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Јован Јоновски

Македонско грбословно друштво,
Претседател и главен хералд

Рецензирана статија

АПСТРАКТ

Македонското хералдичко здружение (МХЗ) ја доби задачата да ги изработи претседателските инсигнии од новоизбраниот претседател на Република Македонија, Ѓорѓе Иванов, во 2009 година. За изработката на стандардот и на грбот на Кабинетот на претседателот, почетниот пристап беше да се најде грб поврзан со Македонија, но надвор од илирските грбовници. Два грба беа избрани од европските грбовници – еден припишан на Александар Велики и друг припишан на кралот на Македонија. Првиот е „Црно, златен грифин“, а вториот е „Црвено, три сребрени градобрански ремени“. Синтетизираниот грб беше „Црвено, три црни ремени златен грифин“. Овој проект не беше усвоен. Наместо тоа, беше изработен дизајн базиран на државното знаме, поставен на шпански штит. Блазонот гласи: Штит поделен на вртешка од 16 злато и црвено, завртено за половина. Во средината безант обрабен црвено. Под штитот две вкрстени гранки од македонски даб со по осум листови и осум плодови, сè злато. Иако грбот е во употреба, стандардот не е. Статијата го опишува процесот и ги претставува работните дизајни и предлозите за грбот и стандардот на Кабинетот на претседателот на Република Македонија.

Клучни зборови: Грбот на претседател, знаме на претседател, Република Македонија



https://orcid.org/0000-0003-2448-3441
jonovski@gmail.com

https://doi.org/10.47763/mher2026.6848
Поднесено / Submitted 2.5.2026
Ревидирано / Revised 24.5.2026
Прифатено / Accepted 1.6.2026
Објавено / Published 2.6.2026

Creative Commons License
CC BY NC SA
Авторските права на написите остануваат кај авторот.
Copyright of the articles remains with the author.

Наведи извор-Некомерцијално-Сподели под исти услови (CC BY-NC-SA 4.0) Attribution-NonCommercial-ShareAlike 4.0 International

Финансирање: Ова истражување нема финансиска поддршка /**Funding**: This research did not receive any financial support/
Конкурентски интереси: Авторот главен уредник на списанието/ **Competing Interests**: The author is editor-in-chief of this journal

OPEN ACCESS

THE INSIGNIA OF THE PRESIDENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Jovan Jonovski

Macedonian Heraldic Society,
President and Chief Herald

Peer-reviewed article

ABSTRACT

Macedonian Heraldic Society (MHS) was given the task designing the presidential insignia by the newly elected President of the Republic of Macedonia, Gjorge Ivanov in 2009. For the design of the Standard, as well of the Coat of Arms of Office of the President, the initial approach was to find a Coat of Arms connected to Macedonia, but outside the Illyrian armorials. Two Coats of Arms were chosen from the European armories, one attributed to Alexander the Great and the other attributed to the King of Macedonia. The first is Sable a griffin Or, and the other is Gules, three fesses embattled Argent. The synthesized Coat of Arms was Gules, three fesses Sable, a griffin Or. This project was not adopted. Instead, a design based on the State flag was used on a Spanish shield. The blazon is: Gyronny of 16 Or and Gules, a bezant fimbriated Gules. Under the shield, two branches of Macedonian Oak Or with eight leaves and eight fruits in saltire all Or. Although the Coat of Arms is in use, the Standard is not. The article describes the process and presents the working designs and proposals for the Coat of Arms and standard of the office of the President of the Republic of Macedonia.

Keywords: Coat of arms of the President, Standart of the President, Republic of Macedonia

ВОВЕД

Визуелниот идентитет на една личност, или позицијата која таа ја зазема може да се изрази на многу начини.[1] Историски, тоа се бец, монограм, ливреи, грб, знаме, стандард, печат и сл. Во модерно време сè повеќе се користи и логото. Основниот „пакет“ го сочинува хералдичкото достигнување, кое се состои од грб, знаме (банер) и/или стандард. Грбот е идентификациски знак изразен преку уметничка композиција на штит, според правилата на хералдиката. Хералдиката е систем на наследни симболи кој се појавил во Европа во 11 век. Банерот, всушност, претставува грб претставен на квадратно платно. Стандардот, пак, знаме со дополнителни елементи, најчесто соодветна бордура. Претседателското знаме (Стандард) претставува историски континуитет на владетелското знаме, како инсигнија на функцијата, за да ја претставува присутноста и авторитетот на носителот. Се користи на објекти и возила во кои престојува или патува претседателот, како и за обележување други предмети итн. (Jonovski 2012, 2–8).

Државниот грб ја продолжува историската традиција на владетелскиот грб од времето кога државата се идентификувала со владетелот како негово наследно право. Во Европа, најголемиот дел од државните грбови, се некогашни грбови на владетелска династија, или пак династиите во своите лични грбови инкорпорирале територијален или земски грб. Државниот грб често се појавува на претседателското знаме. Во Европа, дизајните на претседателските знамиња можат да се сведат на три основни типа. Првиот го вклучува државното знаме на квадратно поле, врз кое е прикажан и грбот, соодветно обрабено со „волчји заби“, следејќи го примерот на стандардот на монарсите од средна Европа. Во оваа



Сл./Fig. 1/ Претседателски стандарди на Чешка, Словачка, Австрија, Словенија, Романија, Србија и Црна Гора, Германија, Италија и Полска (Ж. Хајмер)
President Standards of Czechia, Slovakia, Austria, Slovenia, Romania, Serbia and Montenegro, Germany, Italia and Poland (Z. Heimer)

INTRODUCTION

The visual identity of a person, or the position they hold, can be expressed in many ways. Historically, these have been badges, monograms, liveries, coats of arms, flags, standards, seals, etc. In modern times, logos are increasingly used. The basic „package“ consists of the heraldic achievement whichconsists of a Coat of Arms, a banner, and/or a standard. The Coat of Arms is an identification sign expressed by an artistic composition of a shield, according to the rules of heraldry. Heraldry is a system of hereditary symbols that arose in Europe in the 11th century. The banner actually represents a Coat of Arms applied to a square canvas. The standard represents a banner with additional elements, most often an appropriate bordure. The presidential flag (Standard) represents a historical continuity of the ruler‘s standard, as an insignia of the office in order to represent the presence and authority of the bearer. It is used on buildings and vehicles in which the president resides or travels, as well as for marking other objects, etc. (Jonovski 2012, 2-8).

The state Coat of Arms continues the historical tradition of the ruler‘s Coat of Arms from the time when the state identified itself with the ruler as his birthright. In Europe, most state coats of arms are former coats of arms of a ruling dynasty, or the dynasties incorporated a territorial or Land coat of arms into their personal coats of arms. The state Coat of Arms often appears on the presidential flag. In Europe designs of presidential flags can be reduced down to three basic types. The first includes the state flag on a square field with the Coat of Arms on top, appropriately bordered with wolf’s teeth, following the example of the Standard of the monarchs of middle Europe. In this group are

[1]Нерецензирана статија беше објавена како: Jonovski, Jovan (2025) “The Coats of Arms and Standard of the President of the Republic of Macedonia”, Genealogija, heraldika ir veksilologija 1 (5) / 2025, 190-195.

[1]The non-peer previewed article was published as: Jonovski, Jovan (2025) “The Coats of Arms and Standard of the President of the Republic of Macedonia”, Genealogija, heraldika ir veksilologija 1 (5) / 2025, 190-195.

група спаѓаат земјите под влијание на Австро-унгарија, како Австрија и Србија. Вториот тип е квадратно платно со бордура, на кое е поставен државниот грб. Словенија, Чешка и Полска го применуваат овој модел (сл. 1). Посебна подгрупа е претседателското знаме на Романија, каде што државното знаме е поставено на квадратно платно со бордура.

Третиот тип е составен од земји со претседателското знаме со модифициран државен грб или државно знаме. Таков е примерот на Хрватска, каде претседателот користи изменет државен грб како грб на функцијата (Heimer 2001). Франција исто така спаѓа во оваа група: секој претседател има можност да додаде сопствен симбол на француската тробојка. Така, Де Гол (1959–1969) го додал крстот на Лорена; Митеран (1981–1995) додал стилизирани гранки од даб и маслинка. Некои претседатели поставувале свој монограм. Практиката покажува дека оние кои не избираат сопствен симбол, користат тробојка со потесно бело поле во средината (сл. 2). Овој концепт е применет и во други земји, главно франкофонски (Heimer 2008, 161–165).



Сл./Fig. 2 Стандарди на претседателите на Франција – Де Гол, Митеран (Ж. Хајмер)/ Standards of Presidents of France – De Gaule, Mitterrand (Z. Heimer)

Република Македонија е еден од ретките примери на земји кои немале претседателски стандард ниту рангови стандарди. Другите поранешни југословенски републики ја наследиле практиката што постоела во Кралството како и Федеративна Југославија (сл. 3).



Сл./Fig. 3 Претседателски стандарди на Србија, Словенија, Хрватска и Црна Гора)/ Presidential Standards of Serbia, Slovenia, Croatia and Montenegro

the countries influenced by Austria-Hungary such as Austria and Serbia. For the second group, on a bordured squared canvas the state Coat of Arms is placed. Slovenia, Czechia and Poland have done this (fig. 1). A special subgroup would be the presidential flag of Romania in which it presents the square canvas in which the state flag is set in border.

The third group is comprised of countries with a prestdents standard with modified coat of arms or state's flag. One such country is Croatia which has a modification of the state Coat of Arms (Heimer 2001). The President of Croatia uses this modified Coat of Arms as a Coat of Arms of the President. France also belongs to this group, where each President has the opportunity to add his own emblem to the French tricolor. Thus, De Gaulle (1959-1969) added the Lorraine cross; Mitterrand (1981-1995) added the stylized oak and olive trunks. Several of the former presidents have placed their own monograms. Practice shows that those who do not choose their own emblem use the tricolor where the middle white field is narrower (fig. 2). This concept is used by other countries, too, though mainly the francophone ones (Heimer 2008, 161-165).

The Republic of Macedonia is one of the rare examples of countries which had nopresidential standard nor rank standards. The other former Yugoslav republics have inherited the practice which existed in the Kingdom and Federal Yugoslavia (fig. 3).

ГРБ И СТАНДАРД НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во мај 2009 година, новоизбраниот претседател на Република Македонија, Ѓорге Иванов, ја презеде функцијата. Шефот на Кабинетот на претседателот беше Дарко Ангелов, еден од првите членови на Македонското хералдичко здружение (МХЗ) во 2003 година, но поради не-

COAT OF ARMS AND STANDARD OF THE PRESIDENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

In May 2009, the newly elected President of the Republic of Macedonia, Gjorge Ivanov, entered the office. The Chief of staff of the President was Darko Angelov, one of the initial members of the Macedonian Heraldic Society

говите студии во странство се изгуби контактот. Во истиот период, се отвори постојаната изложба во Музејот на Македонија со наслов хералдиката во Македонија, чиј автор беше претседателот на МХЗ Јован Јоновски. Отворањето на изложбата придружена со предавање на Јоновски, беше проследена со голем медиумски интерес, со што позицијата на МХЗ и на Јоновски како експерти во хералдиката се засили.

На настанот беше промовиран и третиот број на „Македонски хералд“ во кој беше содржана статијата на Јоновски, „Хералдика во Македонија“ во која покрај познатите тези на Александар Матковски за земскиот грб на Македонија, беа преставени и за првпат пред македонската јавност и корпусот на грбови поврзани со Македонија, со кралот на Македонија и пред сè припишаните грбови на Александар Македонски од европските грбовници и ракописи (сл. 4) (Jonovski 2009).


Македонски Хералд
Macedonian Herald
Број 3 март 2009 - Електронска верзија
Electronic version - March 2009 Issue 3
Јован Јоновски
Jovan Jonovski
Грбовите на Македонија
Coats of Arms of Macedonia
Грбовите на Македонија се присутни во европските грбовници, каде што се застапени рамо до рамо со грбовите на другите европски земји. Тие им припаѓаат на кралевите на земјите, што е сосема очекувано во средновековните идеи за единството на земјата и кралот.
Особено се познати и значајни грбовите на Александар Македонски, кои излегуваат од грбовниците и се наоѓаат насликани, извајани и навезени низ цела Европа. Најчест мотив на овие грбови е лавот.
Грбовите на Македонија се наоѓаат во илирските грбовници, наречени така по изјавата за обединување на Словените во една илирска држава.
Новите истражувања покажуваат дека тие грбовници не се исполнети само со фабрикувани грбови и пусти желби.
(Страница 3)
Coats of Arms of Macedonia can be found in the European Rolls of Arms, represented shoulder by shoulder to the Arms of other European countries. There, the Arms belong to the King, totally expected medieval ideas of equating the King with the country.
Especially famous and important are the Coat of Arms of Alexander the Great- the Macedonian, which are also found outside of the rolls of arms, painted, sculptured and embroided across Europe. The most frequent motif is the lion.
Arms of Macedonia can also be found in the Illyrian armorials, bearing their name from the idea of a unified Slavonic state of Illyria.
New research shows that those Roll of Arms were not merely filled with fabricated coat of arms and empty wishes.
(Page 3)
Поддржано од
Supported by
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА
MUSEUM OF MACEDONIA

Сл./Fig. 4 Македонски хералд 3 (2009)/ Macedonian Herald 3 (2009)

Кабинетот на новоизбраниот претседател на Република Македонија, реши да се замени грбот (социјалистичкиот амблем) на СФР Југославија (сл. 5) на сребрениот прибор за јадење добиен по разделувањето на имотот на поранешна Југославија, со пригодно лого. Препознавајќи го авторитетот на Јоновски во сферата на симболиката, а и старото пријателство, Јоновски беше поканет да се изјасни по ова прашање. Тој предложи, наместо лого, да се изработат соодветни инсигнии за функцијата претседател на Република Македонија – претседателски грб и стандард. Задачата за изработка на претседателските инсигнии му беше доверена на Јоновски и МХЗ (Јоновски 2014, 175).



Сл./Fig. 5 Грбот на СФР Југославија на сребрен прибор за јадење/Emblem of SFR Yugoslavia on silverware

Бидејќи најчеста форма на претседателско знаме е квадратно платно, кое го претставува националното знаме со државниот грб во рамка со посебна бордура. Во случајот на Република

(MHS) in 2003, but doue to his studies abroad, soon the contact was lost. In the same period, the permanent exhibition opened at the Museum of Macedonia titled Heraldry in Macedonia, whose author was the president of the MHS Jovan Jonovski. The opening of the exhibition, followed by a lecture by Jonovski, was accompanied by great media interest, which strengthened the position of the MHS and Jonovski as experts in heraldry.

On the event also the third issue of the Macedonian Herald was promoted. It contained Jonovski's article, „Heraldry in Macedonia“, in which, in addition to the well-known theses of Aleksandar Matkovski on the coat of arms of Macedonia, the corpus of coats of arms related to Macedonia, the king of Macedonia and, above all, the coats of arms attributed to Alexander the Great from European heraldry and manuscripts were presented for the first time to the Macedonian public (Fig. 4)(Jonovski 2009).

The cabinet of the newly elected President of the Republic of Macedonia has decided toto replace the Coat of Arms (socialist emblem) of SFR Yugoslavia (Fig. 5) on the silverware received after dissolution of Yugoslavia's properties, with an appropriate logo. Recognizing Jonovski's authority in the sphere of symbolism, as well as the old friendship, Jonovski was invited to speak on this issue. He proposed, instead of a logo to design proper insignia for the office of the President of the Republic of Macedonia, a Standard and a Coat of Arms. The task of designing the presidential insignia was granted to Jonovski and MHS (Јоновски 2014, 175).

Since, the most common form of presidential flag is square and represents the national flag with the national Coat of Arms framed in a special

Македонија тоа не е возможно, бидејќи Македонија немаше хералдички државен грб. Социјалистичкиот амблем за Републиката беше усвоен во 1946 година за време на југословенската ера. Со стекнувањето независност во 1991 година беа направени неколку обиди за добивање хералдички грб, но сите пропаднаа. Конечно, на 16 ноември 2009 година беше усвоен истиот социјалистички амблем, само без петокраката црвена ѕвезда (Јоновски 2018). Ако социјалистичкиот амблем се примени на знамето на Република Македонија, ќе се добие сосема несоодветна комбинација – хералдички, вексилолошки и естетски. Второ, знамето е дизајнирано на таков начин што неговото поставување во квадрат не е можно без нарушување на основниот концепт. Знамето на Република Македонија е во однос 1:2, што дава нарушена симетрија. Оригиналниот предлог за знамето на Мирослав Грчев беше со златен однос ~10:16, што овозможува квадрат без нарушување на симетријата. Трето, и најважно, знамето содржи сонце со дивергентни зраци – силен графички и елементален симбол кој не дозволува никакви додатоци, особено не пејзажната композиција од амблемот (сл. 6).



Сл./Fig. 6 Македонскиот случај ако се следи традиционалниот пристап (Ј. Јоновски)/ Macedonian case if following the traditional approach (J. Jonovski)

За да се реши прашањето на стандардот, односно хералдичката композиција која би се применила на квадратно платно, се јави потреба најнапред да се дефинира грб на претседателот како грб на функцијата.

На средбите со Кабинетот беа договорени почетните принципи:

1. Да не се користи историскиот земски грб на Македонија – црвено, златен лав од илирските грбовници, кој е грб на владејачката партија ВМРОДПМНЕ.

2. Да се користат хералдички композиции од историски грбови на Македонија од европски грбовници, кои се наоѓаат во најмалку два европски грбовници.

3. Применетите симболи да имаат фактичка врска со историјата и културата на Македонија.

4. Предложениот дизајн да биде во согласбордure. In the case of the Republic of Macedonia, this is not feasible, because it does not have a heraldic Coat of Arms. The socialist emblem for the Republic of Macedonia was adopted in 1946 during the Yugoslav era. With gaining of independence in 1991 several attempts were made to obtain a heraldic Coat of Arms but all failed. Finally, on 16 November 2009, the same Socialist insignia was adopted, only the five pointed red star was removed (Jonovski 2018). If the socialist emblem is applied to the flag of the Republic of Macedonia a completely inappropriate combination will be obtained, both heraldically and vexillologically, as well as aesthetically. Secondly, the flag is designed in such a way that placing it in a square is not possible without disturbing the basic concept. The flag of the Republic of Macedonia is in 1:2 ratio, which gives distorted symmetry. The original proposal for the flag by Miroslav Grcev was with the golden proportion ~10:16, which allows a square without distorting the symmetry. Thirdly and most important, is that the flag includes a sun with divergent rays, a strong graphical and elemental symbol which doesn't allow any additions on it, and especially not the landscape composition from the Arms (fig. 6).

To solve the issue of the Standard, that is, the heraldic composition which would be applied on a squared canvas, the initial need for defining the Coat of Arms of the President, as an Arms of office arose.

On the meetings with the Cabinet, starting principles were agreed:

1. Not to use the historic Land Arms of Macedonia, Gules, a lion rampant Or, from the Illyrian armorials, which was also the Coat of Arms of the ruling party, VMRO-DPMNE.

2. To use the heraldic compositions from the historical coats of arms of Macedonia from European armorials that is found in at least two European armorials.

3. The applied emblems should also have a factual connection with the history and culture of Macedonia.

ност со хералдичката практика и норми.

5. Да се покаже чувствителност кон актуелната социјална и етничка реалност во Република Македонија.

Два грба беа избрани од европските грбовници, од кои едниот е грб припишан на Александар Велики (од гравура на Бургмајер од 1513 година): црно златен грифон (сл. 7). Другиот е грб припишан на кралот на Македонија (од Рандел Холм во 1448 година): црвено, три сребрени градобрански ремени (сл. 8). И двата се наоѓаат повторно во баварскиот грбовник од 1530 година (Jonovski 2010).



Сл./Fig. 7 Припишаниот грб на Александар македонски /Arms attributed to Alexander the Great (Bavarian armorial, 1530)



Сл./Fig. 8 Припишаниот грб на Кралот на Македонија/Arms attributed to the King of Macedonia (Bavarian armorial, 1530))

Грифонот има силно присуство во Македонија уште од антички времиња, што е во согласност со вториот принцип. Како делумна илустрација ќе наведеме само неколку примери (Јоновски 2014, 48–51):

- Сребрен ритон пронајден кај селото Црнилиште (Овче Поле) заедно со пајонски монети од 5 век пр.н.е.

- Македонски тип гробници од долно Повардарие (село Марвинци), со врежан грифон, 4–3 век пр.н.е.

- Претстава во теракота пронајдена на Вардарски Рид кај Гевгелија, 2 век н.е.

- Претстава во теракота од локалитет кај селото Марвинци, 3–2 век н.е.

- Претстава на грифон на пајонски, односно македонски монети.

- Претстава на грифон во т.н. „Филипова гробница“.

Грифонот е митско суштество создадено како комбинација од кралот на животните – лавот, и кралот на птиците – орелот. Грифонот има тело на лав и глава и крилја на орел. Со тоа ги обединува најчестите хералдички симболи во Македонија – лавот и орелот. Орелот е најстарото хералдичко обележје поврзано со Македонија, а тоа е знамето на Скопје од 1339 годи-

4. The proposed design should be in accordance with heraldic practice and norms.

5. To show sensitivity to the current social and ethnic reality in the Republic of Macedonia.

Two Coats of Arms were chosen from the European armorials, one of which is Coat of Arms attributed to Alexander the Great (from an engraving by Bukgmeier from 1513), Sable a griffin Or (fig. 7). The other being the Coat of Arms attributed to the King of Macedonia (by Randel Holm in 1448), Gules, three fesses embattled Argent (fig. 8). Both of which are also found in the Bavarian armorial from 1530 (Jonovski 2010).

The griffin has had a strong presence in Macedonia since ancient times, which is in accordance with the second principle. As a partial illustration, we will mention only a few here (Јоновски 2014, 48-51):

- Silver rhyton found near the village of Crnilishte (Ovchepole) together with Paeonian coins from the 5c. B.C.

- Macedonian type of tombs from the lower Povardarie (village of Marvinci), carved griffin. 4th – 3 c. B.C.

- A representation performed in terracotta found on Vardarski Rid near Gevgelija. 2 c. AD.

- Representation in terracotta from the site near the village of Marvinci 3 - 2 c. AD.

- Representation of a griffin on Paeonian, i.e. Macedonian coins.

- Representation of a griffin in the so-called Philip‘s Tomb.

A griffin is a mythical animal created as a combination of the king of animals - the lion, and the king of birds - the eagle. The griffin has the body of a lion and the head and wings of an eagle. It therefore unites the most common heraldic symbols in Macedonia, the lion and the eagle. The eagle is the oldest heraldic representation

на: „златно црвен двоглав орел“. Имајќи предвид дека орелот е симбол поврзан со Македонија, но подоцна стана симбол и на Албанците, грифонот ги обединува симболите на Македонците – лавот, и на Албанците – орелот (Jonovski 2021).

Беа подготвени неколку верзии каде што грифонот е централна фигура (сл. 9). Исто така беа разгледани и верзии со бордура од „волчешки заби“ (сл. 10). Фаворит беше синтетизираниот грб: црвено, три црни ремени, златен грифон. Консултант и помошник при изработката на цртежите беше Александар Куров, истакнат рускогермански хералдички уметник.



Сл./Fig. 9 Предлози со Грифин (J. Јоновски)/
Proposals with Griffin (J. Jonovski)

Токму во тој период, во јавниот дискурс се јавија несогласици со штотуку објавената Македонска енциклопедија на МАНУ, во која сегашниот претседател, како поранешен универзитетски професор имаше неколку статии, за да се менаџира јавното мислење во јавноста протече информацијата за грифонот, за што во јавноста се појави голема контроверза, бидејќи грифонот беше сфатен како вештачки компромис меѓу македонскиот лав и албанскиот орел, особено по информацијата дека тоа е можен предлог за државен грб. Така овој предлог грб изгоре.



Сл./Fig. 10 Предлози со Грифин (J. Јоновски)/
Proposals with Griffin (J. Jonovski)

Останувајќи без главните аргументи, другото решение беше да се наврати на симболи кои веќе беа прифатени. Заедно со хералдот, магистер Јован Јоновски, тимот беше проширен со персивантот

associated with Macedonia, namely with the flag of Skopje from 1339: Or, a double-headed Eagle Gules. Bearing in mind that the eagle remains a symbol associated with Macedonia, and later became a symbol of the Albanians, the griffin unites the perceived symbols of the Macedonians – the lion, and the Albanians – the eagle (Jonovski 2021).

Several versions were prepared where the griffin is the central charge (fig. 9). Also versions with wolf's teeth bordure were also considered (fig. 10). A favorite was the synthesized Coat of Arms: Gules, three fesses Sable, a griffin Or. The consultant and a helper with the drawings was Alexander Kurov, eminent Russian-German heraldist.

During this period a disagreements arose in the public discourse with the newly published Macedonian Encyclopedia of the Macedonian Academy of Sciences and Arts, in which the current president, a former university professor, had several articles. In order to manage public opinion, iInformation about the griffin was leaked to the public, which caused a major controversy in the public, since the griffin was perceived as an artificial compromise between the Macedonian lion and the Albanian eagle, especially after the information that it was a possible proposal for a state coat of arms. Thus, this proposed coat of arms vasted.

Left without the main arguments, the other solution was to turn to symbols which were already accepted. Along with the Herald, magister Jovan Jonovski, the team was enlarged



Сл./Fig. 11 Управниот одбор на МХЗ со кабинетот на претседателот/ The Board of MHS with the Cabinet of the President

Петар Гајдов и графичкиот дизајнер Стојанче Величковски (сл. 11). Дополнително, беше формирано советодавно тело. На Александар Куров му се придружија д-р Жељко Хајмер, доктор по вексилологија, претседател на Хрватското хералдичко и вексилолошко здружение; д-р Стојан Антонов, претседател на Бугарското хералдичко и вексилолошко друштво; и Виктор Ломанцов, истакнат вексилолог од Русија.

Сонцето како симбол веќе беше прифатено и се наоѓа како главен мотив во химната на Македонија. Тоа е присутно и доминантно во државниот „грб“, како и главен мотив на двете знамиња – од 1992 и 1995 година. Првото беше со конвергентни зраци, додека второто со дивергентни. Беше спроведена бура на идеи, еден вид внатрешен конкурс, при што членовите на тимот дадоа по три предлози за грб и за стандард (сл. 12). Бидејќи грбот имаше приоритет, беше

with the pursuivant Petar Gajdov, and the graphic designer Stojanche Velickovski (Fig. 11). In addition, an advisory body was formed. Alexander Kurov was joined by Dr. Željko Heimer, a Doctor in Vexillology, president of the Croatian Heraldic and Vexillological Association; Dr. Stoyan Antonov, chairman of the Bulgarian Heraldry and Vexillology Society and Viktor Lomantsov, an eminent vexillologist from Russia.

The sun as a symbol was already accepted and is found as the main motif in the anthem of Macedonia. It is present and dominant in the state "Coat of Arms", as well is the main motif of both flags, the one of 1992 and 1995. First one was with convergent rays and the later with divergent rays. A brainstorm, an inner competition was performed, the team members gave three proposal for Coat of Arms for the Standard each (fig. 12). As the



Сл./Fig. 12 Предлози за грб и стандард во првата фаза /First phase proposals for Coat of Arms and Standard

одлучено прво да се изработи грбот, а потоа да се концентрираат на стандардот. Верзијата Ј-3 на Јоновски беше избрана за премин во втората фаза.

Во втората фаза беа направени неколку из-

Coat of Arms had the priority, it was decided to first design the arms and later to concentrate on the standard. The version J-3, by Jonovski was chosen to proceed to the second phase.

The second phase made some changes on the

мени на почетниот предлог. Штитот беше заменет со шпански тип; беше додадена тенка контраобрабена линија (не е дел од блазонот); бојата беше поставена на темно црвена (стандард FIAV R++); и наместо генеричка дабова гранка беше искористен ендемскиот македонски даб (*Quercus macedonica*). Цртежот беше изработен од Јоновски и Величковски (Jonovski 2021).



Сл./Fig. 13 Финалниот дизајн (J. Јоновски)/ The final design (J. Jonovski

Македонскиот даб, ендемичен за Македонија, требаше да стане флорален симбол. Неговите карактеристики го направиле еден од најбараните видови дрво за градба за време на владеењето на Отоманската Империја. Тој е издржлив, цврст и не гние – карактеристики на Македонија (Величковски 2009).

Основниот концепт на претседателскиот грб требаше да се примени и на стандардот: сонцето со дивергентни зраци поставено на шпански штит, украсено со гранки од македонски даб. Додека грбот има две вкрстени гранки, стандардот требаше да има флорална бордура. Блазон на грбот: Штит поделен на вртешка од 16 злато и црвено, завртено за половина. Во средината безант обрабен црвено. Под штитот две вкрстени гранки од македонски даб со по осум листови и осум плодови, сè злато (сл. 13).

Иако на прв поглед изгледа дека знамето е наметнато на штит, постојат неколку разлики. Зраците на сонцето на знамето не се симетрични и се потенки од просторот меѓу нив, додека хералдичката поделба „вртешка“ дава еднакви и симетрични полиња. Дополнително, штитот е тенко обрабен контраобрабено (ова не е стандардна бордура која по природа е многу подебела). Законот за употреба на грбот и знамето на Република Македонија (Службен весник 1997) наведува дека е можно знамето на Република Македонија да се користи во амблемите на државните институции.

Грбот беше прифатен од претседателот Ѓорге Иванов (2009–2019) на 2 декември 2009 година (сл. 14). Тој беше користен и од подоцнеж-

initial proposal. The shield was switched to a Spanish type; the graphic (thin) counter charged border (not part of the blazon) was added, the color was set to dark red (R++ FIAV standard); and instead of a generic oak branch it made use one of an endemic Macedonian oak (Quercus macedonica). The drawing was done by Jonovski and Velichkovski (Jonovski 2021).

Macedonian oak, endemic to Macedonia, was to become a floral symbol. Its characteristics made it one of the most sought-after types of construction wood throughout the rule of the Ottoman Empire. It is durable, solid and doesn't rot – the characteristics of Macedonia (Величковски 2009).

The basic concept of the presidential Coat of Arms should have been applied to the Standard, the sun with divergent rays set on a Spanish shield, and being accordingly decorated with branches of Macedonian oak. While the Coat of Arms has two crossed branches, the Standard should have had a floral bordure. The blazon of the Coat of Arms is as follows: Gyronny of 16 Or and Gules, a bezant fimbriated Gules. Under the shield, two branches of Macedonian Oak Or with eight leaves and eight fruits in saltire all Or (fig. 13)

Although at first it seems that the flag is imposed on a shield, there are several differences. The rays of the sun on the flag are not symmetrical and are thinner than the spaces between them, while the heraldic division of gyronny gives equal and symmetrical fields. In addition, the shield is thinly bordered countercharged (this is not a standard border which by nature is quite thicker). The law for the use of the Coat of Arms and the Flag of the Republic of Macedonia (Official Gazette 1997) states that it is possible for the Flag of the Republic of Macedonia to be used in the emblems of state institutions.

The Coat of Arms was accepted by the President Gjorge Ivanov (2009-2019) on 2 Dec 2009 (Fig. 14). It was used by later presidents



Сл./Fig. 14 Јоновски го презентира грбот на претседателот Георги Иванов/ Jonovski presenting the Coat of Arms to the President Georgi Ivanov

ните претседатели – Стево Пендаровски (2019–2024) и актуелната Гордана СилјановскаДавкова (2024–) – на нивните официјални веб-страници, на службена кореспонденција и државна документација (сл. 15).

Откако грбот беше усвоен, тимот продолжи со изработка на стандард, пробувајќи различни варијанти на дабова бордура (сл. 16). Сепак, Кабинетот на претседателот изгуби интерес за стандардот. По неколку неуспешни обиди да се врати прашањето,

Stevo Pendarovski (2019-2024), and current Gordana Siljanovska-Davkova (2024-) on their official websites, on stationery etc. (fig. 15).

Once the Coat of Arms was adopted, the team continued design of the Standard, trying different renderings of the oak bordure (fig 16). However, the Cabinet of the President lost interest in the Standard. After several attempts to bring the issue of the Standard failed, two years after the adoption of



Сл./Fig. 15 Употреба на грбот во внатрешноста на Претседателската палата, како и на официјалните веб-страници / Usage of the Arms on the interior of the Presidential palace as well as the official websites

две години по усвојувањето на грбот, МХЗ во согласност со договорот ја предаде финалната верзија во архивата на Кабинетот на 26 декември 2011 година (сл. 17). Беше испечатен еден примерок на стандардот кој првпат беше промовиран дури во јуни 2025 година на предавањето на Јоновски на четвртиот меѓународен колоковиум по хералдика, генеологија и вексилологија во Вилнус. Литванија

the Coat of Arms, MHS in accordance to the contract presented the final design to the Cabinet archives on 26 Dec 2011 (fig 17). A copy of the standard was printed, which was first promoted only in June 2025 at Jonovski's lecture at the Fourth International Colloquium on Heraldry, Genealogy and Vexillology in Vilnius. Lithuania (fig. 18).



Сл./Fig. 16 Предлози за стандард/Proposals for the Standard

The success of the design of the coat of arms of the President

(сл. 18).

Успехот со изработката на грбот на претседателот на Република Македонија, набргу го отвори патот на МХЗ во општествената хералдика во Македонија. МХЗ беше ангажирана да го изработи и грбот на Македонската православна црква- Охридска архиепископија, најголемата верска заедница во Република Македонија.



Сл./Fig. 17 Официјалните предлози за стандард/
Official proposed versions the Standard

of the Republic of Macedonia soon paved the way for the MHS in public heraldry in Macedonia. The MHS was also engaged to design the coat of arms of the Macedonian Orthodox Church - Ohrid Archbishopric, the largest religious community in the Republic of Macedonia.

ЗАКЛУЧОК

Потрагата по воспоставување достоинствен и културно значаен грб и стандард за претседателот на Република Македонија почна со инаугурацијата на претседателот Ѓорге Иванов во 2009 година. Хералдичарот Јован Јоновски и неговиот тим од Македонското хералдичко здружение беа ангажирани да изработат соодветни претседателски инсигнии.

Македонија немаше хералдички државен грб. Ова доведе до внимателно истражување на историски засведочени македонски грбови пронајдени во најмалку два европски грбовници; обезбедување културна и историска релевантност и одраз на социјалната и етничката разновидност на Македонија. Меѓу разгледаните дизајни беа два историски грба – еден припишан на Александар Велики („Црно, златен грифин“), и друг припишан на македонски крал („Црвено, три сребрени градобрански ремени“). Грифонот имаше силна врска со антички артефакти и монети од пајонски и македонски локалитети, зајакнувајќи ја неговата културна релевантност.

И покрај симболиката, концептот со грифонот предизвика јавна контроверзија, па проектот се насочи кон повеќе универзално прифатени национални симболи. Сонцето – веќе присутно на знамето и во химната – стана централниот мотив. Во финалната верзија беше поставено на шпански штит со блазон поделен на вртешка од 16 злато и црвено, завртено за половина. Во средината безант обрабен црвено. придружено со вкрстени гранки од *Quercus macedonica*, македонскиот даб. Ова ендемично дрво, ценето за својата издр-

CONCLUSION

The quest to establish a dignified and culturally meaningful Coat of Arms and Standard for the President of the Republic of Macedonia began with the inauguration of President Gjorge Ivanov in 2009. Heraldist Jovan Jonovski and his team from the Macedonian Heraldic Society (MHS) was commissioned to design proper presidential insignia.

Macedonia lacked a heraldic state Coat of Arms. This lead to careful research on historically-attested Macedonian Coats of Arms found in at least two European armorials; ensuring cultural and historical relevance, and reflecting Macedonia's social and ethnic diversity. Among the designs considered were two historical coats of arms—one attributed to Alexander the Great (Sable, a griffin Or), and another attributed to a Macedonian king (Gules, three fesses embattled Argent). The griffin resonated with ancient artefacts and coins from Paeonian and Macedonian sites, reinforcing its cultural relevance.

Despite the symbolism, the griffin concept sparked public controversy, and the project pivoted toward more universally accepted national symbols. The sun—already present on the flag and in the national anthem—became the focal motif. For the final version it was placed on a Spanish shield with blazon Gyronny of 16 Or and Gules, a bezant fimbriated Gules, flanked by crossed branches of Quercus macedonica, the Macedonian oak. This endemic tree, prized for its durability and strength during the Ottoman

жливост и сила за време на отоманскиот период, служеше како флорален симбол на македонската отпорност и идентитет.

Грбот, усвоен на 2 декември 2009 година – беше прифатен од претседателот Иванов и задржан од неговите наследници, Пендаровски и СилјановскаДавкова. Тој се појавува на официјални страници, кореспонденција и државна документација, вградувајќи го дизајнот во институционалниот идентитет на македонскиот претседател.

Што се однесува до стандардот, и покрај почетниот ентузијазам и повеќе дизајнитерации – вклучувајќи верзии со дабова бордура – тоа никогаш не доби поддршка во Кабинетот на претседателот. Конечно, финализираниот стандард беше предаден во архивата на 26 декември 2011 година, тивко завршувајќи го проектот. Дури во јуни 2025 година, во Вилнус, стандардот беше јавно промовирано – речиси шеснаесет години подоцна.

period, served as a floral symbol of Macedonian resilience and identity.

The resulting Coat of Arms, adopted on 2 December 2009, was embraced by President Ivanov and retained by his successors, Stevo Pendarovski and Gordana Siljanovska-Davkova. It appears on official sites, correspondence, and state documentation, embedding the design into the fabric of the Macedonian presidency.

As for the Standard, despite early enthusiasm and multiple design iterations—including oak-bordered versions—it never gained traction within the President's Cabinet. Eventually, the finalized Standard was submitted to the archives on 26 December 2011, quietly concluding the project. Only in June 2025, in Vilnius, was the Standard publicly promoted—nearly sixteen years after the initial spark.



Сл./Fig. 18 Државниот стандард на претседателот на Република Македонија (не е во употреба)/The Standard of President of the Republic of Macedonia (not in use)

БИБЛИОГРАФИЈА • BIBLIOGRAPHY

Heimer, Željko. 2001, Prijedlog promjene zastave predsjednika Republike Hrvatske, Zagreb.

Heimer, Željko. 2008, Grb i zastava Republike Hrvatske, Zagreb: Leykam International.

Jonovski, Jovan.(2009).” Грбовите на Македонија-Coats of Arms of Macedonia”. Македонски хералд - Macedonian Herald, (3), 3–13. https://doi.org/10.47763/mher093003j

Jonovski, Jovan. 2010, “Heraldic Coat of Arms for the President and MOC”, Macedonian Herald, (4), (2010). 2–8. https://doi.org/10.47763/mher104002j

Јоновски, Јован 2014, Симболите на Македонија, Скопје: Силсон.

Jonovski, Jovan. 2018. „The Coats of Arms and Other Forms of State Emblem Proposed for the Republic of Macedonia, and the Process of Their Adoption, 1992–2014“ Genealogy 2, no. 4: 52. https://doi.org/10.3390/genealogy2040052

Jonovski Jovan. 2021a Heraldry in Macedonia with Special Regard to the People's/Socialist Republic of Macedonia until 1991. Genealogy 2021, 5, 43. https://doi.org/10.3390/genealogy5020043

Jonovski Jovan. 2021. Heraldry in the Republic of Macedonia (1991–2019). Genealogy 2021, 5, 94. https://doi.org/10.3390/genealogy5040094

Величковски, Стојанче 2009. Македонски даб (Quercus Macedonica), флорален симбол на Македонија, http://www.planinarenje.org/content/view/55/38/

Official Gazette No 32/97 of 9 July 1997.